# Извештај за пазарот на хартии од вредност за периодот 01.04-30.06.2014 година

# I.ЛЕГИСЛАТИВА НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. Подзаконски акти – правилници кои произлегуваат од Законите во надлежност на Комисијата

Во периодот 01.04-30.06.2014 година во насока на примена на регулативата Комисијата донесе вкупно 40 правилници за изменување и дополнување на постојни правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност, Законот за инвестициски фондови и Законот за преземање на акционерски друштва.

**Правилници кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност**

- Правилник за начинот и постапката за вршење надзор на правни и физички лица;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на запишување на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и соджината на податоците за издадените хартии од вредност;
- Правилник за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, содржината и роковите за поднесување на барање за необјавување на ценовно чувствителни информации во проспектот на издавачот на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за соджината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и соджината на известувањето за исходот на јавната понуда на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината на известувањето за затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат процент на успешност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за давање согласност за именување на директор на берза;

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа;
- Правилник за содржината на месечниот извештај за работењето на овластено правно лице со дозвола за работење на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината, начинот и роковите за поднесување на барање за изземање од обврската за доставување на годишен, полугодишен, тримесечен и тековен извештај по барање на акционер или друго заинтересирано лице;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начин и време на запишување и бришење на акционерско друштво, содржина и начин на водење, ажурирање на податоците и пристап на јавноста до регистарот на АДПОИ;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислења во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината, начинот на водење и постапката за запишување на овластените ревизори во Регистарот на овластени ревизори кои даваат мислење во постапка на одобрување на зделка со заинтересирана страна;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и соджината на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на известувањето за запишани и платени хартии од вредност од приватна понуда и на известувањето за реализација на приватна понуда на хартии од вредност;
- Правилник за обновување на дозволата за работење на брокер;
- Правилник за структурата и начинот на пресметка на основната главнина на друштво за инвестиционо советување;
- Правилник за формата и содржината на барањето што се поднесува за дозвола за основање на берза;
- Правилник за износот, видот, одржувањето и начинот на пресметка и контрола на ликвидните средства на друштвата за инвестиционо советување со дозвола за работење добиена од Комисијата за хартии од вредност;

## Правилници кои произлегуваат од Законот за инвестициски фондови

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање одобрение за организирање на отворен инвестициски фонд;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштвото за управување со инвестициски фондови;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за потребната документација за добивање согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување со инвестициски фондови;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање одобрение за основање на затворен инвестициски фонд;
- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за критериумот за рангирање на субдепозитарна банка на инвестициски фонд;
- Правилник за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за основање на подружница на странско друштво за управување со инвестициски фондови во Република Македонија;
- Правилник за условите и начинот за давање одобрение за издавање на удели и издавање и регистрирање на акции на резидентни инвестициски фондови надвор од Република Македонија односно продажба на удели и акции на нерезидентни инвестициски фондови во Република Македонија;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на инвестициски фондови и начинот на утврдување на идентификацискиот број на инвестицискиот фонд;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за избор на депозитарна банка;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за потребна документација која се приложува како доказ за исполнување на условите за именување на членови на управниот одбор односно извршни членови на одборот на директори на друштво за управување со инвестициски фондови;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на проспектот на отворен и затворен инвестициски фонд;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на скратена форма на проспектот на отворен инвестициски фонд;

## Правилници кои произлегуваат од Законот за преземање на акционерски друштва

- Правилник за критериумите за утврдување на заедничко дејствување согласно Законот за преземање на акционерските друштва;

**Правилници кои произлегуваат од Законот за девизно работење**

- Правилник за условите и начинот за добивање одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство;
- Правилник за условите и начинот за давање одобрение за издавање, односно за регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија;

## II. ПАЗАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## А) ПРИМАРЕН ПАЗАР

### 1. Нови емисии на хартии од вредност

Во периодот 01.04-30.06.2014 година, беа донесени 2 одлуки за одобрување на издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда на хартии од вредност. Вредноста на емисиите изнесуваше 50.610.000 денари.

Во истиот период Комисијата издаде 1 одобрение за продажба на сопствени акции по пат на приватна понуда. Вредноста на продажбата на сопствени акции изнесуваше 71.100.000 денари.

## Б) СЕКУНДАРЕН ПАЗАР

### 1. Тргување на секундарен пазар

На 30.06.2014 година на Македонската берза АД Скопје, беа котирани акции на 116 акционерски друштва.

На 30.06.2014 година пазарната капитализација на котираните друштва достигна вредност од 88.261.028.637 денари, додека пазарната капитализација на АД со посебни обврски за известување достигна 4.949.438.010 денари. Пазарната капитализација на обврзниците изнесуваше 5.023.996.510 денари. Вкупната пазарна капитализација на Официјалниот и на Редовниот пазар изнесуваше 98.234.463.157 денари (без слободен пазар).

Во периодот 01.04-30.06.2014 година на Македонската берза остварениот промет од класичното тргување изнесуваше 556.899.455 денари[1], што е намалување за 22,96% во споредба со истиот период 2013 година (722.924.384 денари).

Во периодот 01.04-30.06.2014 година прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) изнесуваше 540.263.231 денари, што претставува зголемување за 49,95% во споредба со истиот период 2013 година (360.283.151 денари).

Во периодот 01.04-30.06.2014 година прометот остварен со обврзници изнесуваше 16.636.224 денари.

Структурата на прометот остварен со класично тргување по видови на хартии од вредност е следната: промет со акции 97,01% од вкупниот промет; промет со обврзници 2,99% од вкупниот промет.

Во периодот 01.04-30.06.2014 година на Берзата се пријавени 33 блок трансакции, во вкупна вредност од 641.165.302 денари, што претставува зголемување од 607,85% во споредба со истиот период 2013 година (105.480.823 денари).

Во периодот 01.04-30.06.2014 година вкупниот промет на Берзата

[1]При пресметувањето на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции, пријавените блок трансакции и јавните понуди на хартии од вредност.

изнесуваше 1.198.064.757 денари.

**Структура на промет по пазарни сегменти**




Во периодот 01.04-30.06.2014 година прометот на Официјалниот пазар на Берзата (541.595.904 денари) е остварен преку 3181 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 97,25%.

Во периодот 01.04-30.06.2014 година прометот на Редовниот пазар на Берзата (15.303.551 денари) е остварен преку 52 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 2,75%.

Вредност на МБИ-10 на 30.06.2014 година изнесуваше 1.633,20 индексни поени, притоа највисока вредност е постигната на 15.05.2014 година (1.777,92 индексни поени) додека најниска вредност на индексот е постигната на 27.06.2014 година (1.628,21 индексни поени).

Вредност на ОМБ на 30.06.2014 година изнесуваше 123,14 индексни поени, притоа највисока вредност е постигната на 01.04.2014 година (124,35 индексни поени) додека најниска вредност на индексот е постигната на 11.06.2014 година (121,98 индексни поени).

Кај обврзниците за денационализација стапките на принос до достасување се следниве:

| | |
|---|---|
| **RMDEN 05** | 4,22% |
| **RMDEN 08** | 4,25% |
| **RMDEN 09** | 4,45% |
| **RMDEN 11** | 4,84% |
| **RMDEN 12** | 3,85% |

## 2.Учество на членките на Берзата во реализираниот промет во периодот 01.04-30.06.2014 година

Податоците врз основа на кои е пресметано учеството на членките на Македонската Берза АД Скопје во остварениот вкупен промет и во вкупниот број на реализирани трансакции се базираат врз двојно пресметување од двете страни на секоја трансакција, и при купување и продавање.

**Остварен промет по членки**




**Приход на брокерските куќи во 01.04-30.06.2014 година**

| Членка | Скратен назив | Вкупен приход (во денари) |
|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | КБ | 1.883.804 |
| Инвестброкер АД Скопје | МИ | 641.428 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ТН | 1.156.622 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ | 2.232.205 |
| Иново Брокер АД Скопје | ИН | 2.299.442 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | ФР | 2.554.562 |
| Еурохаус АД Скопје | ЕХ | 737.780 |
| Поштел Брокер АД Скопје | ПТ | 445.607 |
| ТТК Банка АД Скопје | ТК | 304.351 |
| Стопанска банка АД Скопје | СБ | 378.603 |
| Еуро Брокер АД Скопје | ЕУ | 76.766 |
| Вкупно | | 12.711.170 |

Извор: Комисија за хартии од вредност на РМ


3000000
2500000
2000000
1500000
1000000
500000
0
1883804
641428
1156622
2232205
2299442
2554562
737780
445607
304351
378603
76766
КБ
МИ
ТН
ИЛ
ИН
ФР
ЕХ
ПТ
ТК
СБ
ЕУ

## 3. Друштва за управување со инвестициски фондови

Во периодот 01.04-30.06.2014 година на територијата на Република Македонија работеа 4 друштва за управување со инвестициски фондови кои управуваа со 10 отворени инвестициски фондови.

Од аспект на сопственоста на друштвата за управување со инвестициски фондови како што може да се види во табелата подолу во најголем дел од друштвата се во сопственост на странски финансиски институции на кои отпаѓа околу 72% од акциите во друштвата. Домашни физички лица и финансиски институции што не се банки поседуваат вкупно 8% учество во запишаниот капитал на друштвата за управување со инвестициски фондови, додека 20% од запишаните средства се во сопственост на домашни банки.

**Сопственост на друштвата за управување со инвестициски фондови**




## 4. Инвестициски фондови

Вкупната нето вредност на имотот на фондовите на 30.06.2014 изнесуваше 1.293.931.372,68 денари. Трендот на зголемување на нето вредноста на имотот на фондовите може делумно да се објасни со формираните кеш фондови кои всушност ги имаат најголемите приливи на средства и се најпривлечни за инвеститорите кои очигледно во овој временски период не го претпочитаат ризикот.

Од аспект на движењето на цената по удел во периодот 01.04-30.06.2014 година, прикажана на графиконот, може да се согледа дека движењето на истите е релативно избалансирано без поголеми осцилации односно волатилност.

**Движење на цената на уделот на инвестициските фондови во период 01.04-30.06.2014 година**




*Вредноста на Илирика Кеш почнува од 1.000 денари, а на останатите фондови од 100 денари

Вредноста на вложувањата на инвестициските фондови во хартии од вредност на Македонската Берза изнесува 177.825.739,6 денари.

## 5.Структура на сопствени средства на брокерските куќи на 30.06.2014 година

| | **Членка** | **Сопствени средства ден.** |
|---|---|---|
| **1** | **Еурохаус АД** | 4.796.381 |
| **2** | **Илирика Инвестментс АД** | 5.053.574 |
| **3** | **Иново брокер АД** | 4.650.000 |
| **4** | **Комерцијална банка АД** | 31.087.660 |
| **5** | **Инвестброкер АД** | 32.370.439 |
| **6** | **Стопанска банка АД** | 31.057.769 |
| **7** | **ТТК Банка АД** | 31.009.871 |
| **8** | **НЛБ Тутунска банка АД** | 31.060.268 |
| **9** | **Фершпед Брокер АД** | 30.864.868 |
| **10** | **Поштел Брокер АД** | 10.937.073 |
| **11** | **Еуро Брокер АД** | 8.189.559 |

## 6. Учество на пензиските фондови на пазарот на хартии од вредност

(во денари)

| | Задолжителни | Доброволни |
|---|---|---|
| Акции | 866.235.490 | 39.206.255 |
| Обврзници | 18.181.106.243 | 181.080.092 |